Активностите околу имплементацијата на стандардот ISO 9001:2008 се одвиваа според изготвен термински план за работа, однапред утврден помеѓу работниот тим и консултантот. Имено, преку дефинирање и утврдување на процесите со кои општина Неготино се јавува како сервис на граѓаните, воспоставен е Систем за менаџмент со квалитет (СМК) во кој се вклучени сите функции и расположивите ресурси, како и нивните овластувања и одговорности. Со воспоставувањето на СМК всушност се документирани следните документи – Политика за квалитет и цели за квалитет, Прирачник за квалитет, Процедури на СМК, како и работни документи и записи на СМК. Преку овие документи, општина Неготино ги дефинира својата мисија, визија и стратегија со воспоставување на целите и нивната реализација, како и мерките за зголемување на задоволството кај граѓаните преку добиените услуги.